Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Ѓрѓ

Ип1. 15-315
Дата:30.12.2024 година
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Контролен инспекциски надзор во СУПЕРИОР – ЕР ДОО Скопје со седиште на ул. 1, бр.2 Д, Ново Село, Ѓорче Петров- Скопје, застапувано од Лупчо Тодоровски –управител и со Записник бр. ИП1 15-315 од 24.12.2024 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став (1), точка 14 и став (2) од Закон за животна средина, (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005....99/2018) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022 и 171/2022), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:


Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Петти спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka. nr.2
Kati i peste
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta E info@sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk


## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** СУПЕРИОР - ЕР ДОО Скопје со седиште на ул. 1, бр.2Д, Ново Село, Ѓорче Петров- Скопје, застапувано од Лупчо Тодоровски –управител **по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 15-315 од 24.12.2024 година и тоа:**

1. Да изврши мерења на лесно испарливи органски соединенија кои се испуштат во животната средина .
   Рок:30(тридесет )дена.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од решението е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 24.12.2024 година изврши Редовен инспекциски надзор во СУПЕРИОР – ЕР ДОО Скопје со седиште на ул. 1, бр.2Д, Ново Село, Ѓорче Петров- Скопје, при што се

изготви Записник за констатација со бр. Ип1 15-315. Од увидот се констатираше дека:

СУПЕРИОР - ЕР ДОО Скопје поседува печатница за печатење на различен вид на материјал и производство на производи од флексибилна амбалаж, етикети и самолепливи ленти, погонот е проектиран за принтање на: еднослојна и двослојна ролна, флексибилна амбалажа за пакување на храна и други продукти, самолепливи ленти и етикети како и хартиени ролни.

При работата на печатницата во Супериор - Ер се употребуваат бои и разредувачи кои се лесно испарливи. Печатницата нема извршено мерење на лесно испарливи органски соединенија кои се испуштаат во животната средина кои треба да се во согласност со Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 141/2010 година).

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка , согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,........ 99/18) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022 и 171/2022).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-315 на ден 30.12.2024 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- СУПЕРИОР - ЕР ДОО Скопје
ул. 1, бр.2 Д, Ново Село, Ѓорче Петров- Скопје,

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2.
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Моб.тел. +389 70 286 698
Е-пошта info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel. Mob. +389 70 286 698
Posta-E info@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk